**Добиени мислења и коментари**
**од јавната расправа во врска со изработката на**
**Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година и ставот на Агенцијата**

Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/16), во Изборниот законик се додава член 196-з со кој се пропишува: „Во рок од 30 дена од денот на донесувањето на овој закон, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ја измени Методологијата од членот 76-в став (8) од Изборниот законик во делот на примена на одредбите на овој закон."

Согласно ова барање, регулаторното тело треба најдоцна до 28 август 2016 година, да ја измени Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси (бр.01-111/1), којашто Советот на Агенцијата ја усвои на 5 јануари 2016 година, заедно со „Ставот на Агенцијата за обврската да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите". Оваа Методологија претставува сеопфатен документ кој важи за сите изборни процеси (претседателски, парламентарни и локални), и во неа обврските и активностите за мониторингот се распределени согласно периодите во кој почнуваат да важат одредбите во Законикот. Меѓутоа, последните измени на Законикот предвидуваат одредени специфичности што ќе важат само за изборите што треба да се одржат во декември 2016 година, а се резултат на договорот постигнат меѓу четирите најголеми политички партии од парламентарната позиција и опозиција во јули 2016 година. Оттаму, интервенцијата во постојната Методологија ќе го направеше тој документ нејасен и непрегледен и ќе се отежнеше неговата примена. Поради тоа се изработи нова методологија која ќе се применува само за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година.

Поради кусиот рок за донесување на документот, на 10 август започна јавна расправа за работната верзија на методологијата, за која Советот на Агенцијата расправаше на својата 28 седница, одржана на 17.08.2016 година. По усвојувањето на Нацрт-текстот (кој е идентичен со работната верзија) продолжи јавната расправа која траеше до 24 август. Во нејзини рамки, на 23 август, Агенцијата одржа состанок на кој присуствуваа претставници на радиодифузери, здруженија, политички партии и други релевантни чинители, кои изнесоа низа ставови, мислења и предлози за Нацрт-методологијата. Некои од измените во текстот на Предлог-методологијата потекнуваат и од оваа расправа.

Во текот на јавната расправа пристигнаа следниве ставови и предлози (наведени и одговорени според датумот на пристигнување):

I. Предлози и забелешки на Нацрт – методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година од г. Лазо Петрушевски, претседател на Советот на Агенцијата (наш бр. 03-4045/1 од 17 август 2016г.);

II. Предлози и ставови за Нацрт – методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година од г. Љубомир Костовски, член на Привремената комисија (наш бр.03-4059/1 од 18 август 2016г.);

III. Предлог за измени и дополнувања на нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година (како што стои во насловот), донесен на 28-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 17.08.2016 година од г. Зоран Фиданоски член на Советот на Агенцијата (наш бр. 03-4122/1 од 24 август 2016г.);

IV. Предлог-измени на методологијата за изборно медиумско претставување од г. Цветин Чилиманов, член на Привремената комисија (наш бр.03-4130/1 од 24 август 2016г.);

V. Предлози и забелешки за Нацрт – методологијата за избори во декември 2016 година од г. Иван Мирчевски, управител на ТРД Канал 5 Телевизија (наш бр.03-4131/1 од 24 август 2016г.).

I. Предлози и забелешки на Нацрт – методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година **од г. Лазо Петрушевски, претседател на Советот на Агенцијата** (наш бр. 03-4045/1 од 17 август 2016г.)

**Предлог 1**: *Се предлага на страна 9 да се избегне два пати во третата реченица да се користи зборот анализа, така што пред вториот збор "анализа" да се додаде зборот "подетална".*

**Мислење по предлогот**: Делумно се прифаќа. За поголема прецизност и точност, ќе се интервенира кај првиот пат кога е употребен зборот „анализа" и ќе се замени со „мониторинг".

**Предлози 2 и 3**: *Се предлага на страна 9 и на страна 10 во анализата врз основа на која се извлекуваат оценките за балансот освен дневно-информативните емисии да бидат опфатени и посебните информативни емисии.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Подолу во методологијата, како и во посебното заглавие за посебните информативни емисии е наведено дека тие се дел од оценката за балансот.

**Предлог 4**: *Се бара на страна 10 да се прецизира дали анализата на посебните информативни емисии од аспект на правичноста и непристрасноста се врши и во периодот од 100 дена пред денот на гласањето.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Периодот од 100 дена е прецизиран во првата реченица од заглавието ПРЕДМЕТ *А. Периоди пред и од распишувањето на изборите*. Дополнително во третиот пасус од посебното заглавие за посебните информативни емисии е јасно наведено како ќе се обезбеди баланс во овој вид емисии и во периодот пред и за време на изборна кампања.

**Предлог 5**: *Се бара на страна 20 да се додаде реченицата: "Медиумот треба да достави докази до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги дека отсутните учесници се уредно и навремено поканети најкасно наредниот ден по првото емитување на ваквите информативни програми", и притоа да се бараат докази дека поканата испратена преку електронска пошта е примена и прочитана од поканетиот учесник. Во спротивно, поканата да не се признава за уредна.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Ова ќе претставува преголемо оптоварување за радиодифузерите, а како и досега, доказ ќе се бара доколку некој субјект достави поплака дека не бил поканет.

II. Предлози и ставови за Нацрт – методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година од г. **Љубомир Костовски, член на Привремената комисија** (наш бр.03-4059/1 од 18 август 2016г.);

**Предлог 1**: *„Според Изборниот законик мора да се дефинираат интернет порталите, алтернатива – да се изготви листа на најпосетувани портали".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Агенцијата не ја избегнува обврската од Изборниот законик за мониторинг на електронски медиуми (интернет портали), напротив на крајот од 2015 година, спроведе низа активности за определување на опфатот на овој поим и за начинот на кој тие би се мониторирале, врз основа на кои Советот на Агенцијата, во јануари 2016 година го усвои Ставот за обврската да врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите. Меѓутоа, исто така, Агенцијата не може да врши надзор без законски утврдени предуслови за тоа. Потенцираме дека, Агенцијата навреме, уште во јануари 2016 година, јавно реагираше за неконзистентноста на правната рамка за мониторинг на интернет порталите и за тоа го извести и Министерството за правда. Од тогаш досега ситуацијата не е изменета, односно, и натаму не постои дефиниција за тоа што се електронските медиуми (интернет порталите) – што значи и дека не може да се направи листа на најпосетувани портали; тие не се регистрирани како медиуми; опфатот на поимот е далеку поширок од лаичките претпоставки за него; во европската регулаторна практика нема примери за мониторинг врз содржините на интернет медиуми на начин на кој тоа се прави за радиодифузерите.

**Предлози од 2 до 9**: *Станува збор за низа предлози кои се однесуваат на членовите од Изборниот законик кои се поместени на почетокот од Нацрт-методологијата со цел да се разграничи кои од нив почнуваат да важат во периодот од 100 дена пред денот на гласањето, кои од денот на распишувањето на изборите, кои важат во изборната кампања, а кои за време на изборниот молк. Предлозите се однесуваат или на поместување членови од еден во друг период (на пр. членовите 75 и 75-а) или на интервенции во текстот на одредбите.*

**Мислење по предлозите**: Не се прифаќаат. Одредбите кои почнуваат да важат 100 дена пред денот на гласањето се прецизирани во член 196-в од Изборниот законик, сите други го задржуваат претходниот период на важење. Ова е основата за распоредот на членовите по периоди во почетокот на Нацрт-методологијата. Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/16), иако пропишува друг период на влегување во сила за осум члена од Изборниот законик (75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 76-в и 76-г), не предвидува промена на формулацијата што се однесува на периодите ниту за нив, ниту за другите членови пренесени во заглавието *Релевантни законски одредби и период во кој важат.* Имајќи предвид дека ваквиот тип измени не се во надлежност на Агенцијата туку на Собранието на РМ, регулаторното тело, за да даде појасна слика за тоа кога почнува да важи некоја од обврските за радиодифузерите, може само да ги распореди онака како што е сторено, без оглед на тоа што формулацијата на членовите е останата иста и без оглед на тоа што некои од правилата објективно не можат да се применуваат пред почетокот на изборната кампања (каков што е примерот со постигнување баланс во известувањето согласно принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати од член 75-а).

**Предлог 10**: *Во главата Периоди се предлага реченицата: „Оваа фаза од мониторингот завршува во 24:00 часот на денот пред почетокот на изборната кампања" да се замени со реченицата: „Оваа фаза од мониторингот завршува во 24:00 часот на денот пред распишување на изборите".*

**Мислење по предлогот**: Се прифаќа. Од аспект на законските одредби чие почитување се следи, периодот на мониторингот кој почнува 100 дена пред гласањето завршува во 24:00 часот на денот пред почетокот на изборната кампања, а во себе има два дела – првиот почнува на стотиот ден пред денот на одржување на изборите, а вториот започнува на денот на распишување на изборите. Со распишувањето на изборите, продолжуваат да важат сите одредби што се веќе во сила и се надоградуваат со неколку нови, чија важност почнува тогаш кога ќе се распишат изборите. Иако текстот во Нацрт – методологијата е точен, сепак, поради поголема јасност ќе се замени со предложениот текст.

**Предлог 11**: *Се предлага принципот за постигнување баланс во известувањето во дневно-информативните емисии во периодот пред почетокот на изборната кампања наместо да се определува така што времето издвоено за опозицијата „треба да изнесува најмалку половина од времето" издвоено за позицијата, да се определува така што времето издвоено за опозицијата „е подеднакво со времето" издвоено за позицијата.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. При определување на соодносот од 50% предвид е земено појаснувањето од Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите изработени во 2009 година од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија дека „Да се биде дел од власта значи поголемо внимание од медиумите поради нивната потреба да ги покријат активностите на власта, кои може да вклучуваат официјални настани, средби и имплементација на политики"[1]. Со ова се посочува дека за претставниците на партијата од парламентарното мнозинство (позицијата) во вестите може да има повеќе време токму поради двојството на нивниот политички идентитет, односно фактот дека претставниците на власта се истовремено и претставници на политичките партии.

Во секој случај, како резултат на потребата да се појаснат одредени прашања кои се проблематизираа во текот на јавната расправа - овој принцип претрпе друг вид измени, наведени во Предлогот за донесување на методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година.

**Предлог 12**: *Се предлага времето за прилозите за претседателот на државата целосно да се изземе од времето издвоено за позицијата.*

**Мислење по предлогот**: Делумно се прифаќа. Кодирањето на прилозите за претседателот на државата ќе се заснова на нивната тема/содржина. Ваквата определба е резултат на потребата методологијата колку што е можно повеќе да овозможи соодветно кодирање на изјави/активности во зависност од улогата што политичките и другите субјекти ја заземаат во конкретна општествена ситуација во Република Македонија.

**Предлог 13**: *На страница 12, се предлага формулацијата „активности/изјави на претседателот на државата и на носителите на функции на власта и од позицијата и од опозицијата за теми што не се релевантни за внатрешната општествено-политичка дебата (на пример, реакции на настани во*

[1] Guidelines on Media Analysis During Election Observation Missions (2009) by the OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (OSCE/ODIHR) and the Venice Commission, стр. 14, достапно на: https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=3&ved=0ahUKEwjryqamvtHJAhVEBSwKHe4kAHcQFggsMAI&url=http%3A%2F%2Fapt.sze.hu%2Fdownloadmanager%2Fdownload%2Fnohtml%2F1%2Fid%2F18970%2Fm%2F1631&usg=AFQjCNFjaEVu0IQJ1wO1WIrE0jEM6tiyxg&cad=rja

*странство, официјални средби со странски државници и други субјекти, домашни настани поврзани со природни непогоди, настани од културата итн.)" да се избрише и да се замени со „редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, кои не смеат да бидат во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјекти".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. И во овој дел од методологијата се направени измени, така што прилозите за сите активности на носителите на функции на власта и од позицијата и од опозицијата се вбројуваат во времето од кое се извлекуваат оценките за балансот. Кодирањето на прилозите за претседателот на државата е објаснето погоре.

**Предлог 14**: *На страница 12, се предлага периодот за извештаи за извлекување оценки за балансот во известувањето да се намали од 10 на 7.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Периодот е определен на 10 дена за да обезбеди примерок од кој ќе можат да се добијат статистички релевантни оценки, а притоа да се следи и динамиката на мониторингот.

**Предлог 15**: *На страница 14 се предлага да се дополни текстот со формулацијата „а најавите и меѓунајавите се сметаат за составен дел од прилогот".*

**Мислење по предлогот**: Делумно се прифаќа. При мониторингот, најавите кои се емитуваат непосредно пред прилогот како вовед во него (или одјавите непосредно зад него) секогаш се анализираат како составен дел од него. Исклучок се ситуациите во кои најавата прераснува во прилог самата за себеси (на пример во коментар на темата на која се однесува прилогот што следи и сл.) и тогаш се анализира како засебен прилог. Она што не се опфаќа при анализата се кусите меѓунајави со кои се упатува на содржини што ќе се емитуваат подоцна во дневно-информативните емисии или пак упатуваат на емисии кои следат потоа. Секако, во случаите кога ваквите меѓунајави прераснуваат во посебен прилог – стануваат предмет на анализа. За да се избегнат какви било забуни, секаде во методологијата каде што се говори за овој аспект од мониторингот ќе биде направено дополнително појаснување.

**Предлог 16**: *На страница 18, се предлага бришење на зборот „Зачестеното", односно се предлага да стои само формулацијата „појавување на позитивно врамени прилози искористени во функција на изборно медиумско претставување на некоја политичка партија, недвојбено е прекршок на Изборниот законик".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. За да се констатира ваков вид прекршок, кај кој е потребно да се утврди тенденција во известувањето, потребно е да се обезбеди и поголем примерок.

**Предлог 17**: *На страница 18, се предлага периодот за извештаи за извлекување оценки во врска со известувањето за редовните активности на власта во функција на изборно медиумско претставување да се намали од 10 на 7 десет дена.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Периодот е определен на 10 дена за да обезбеди примерок од кој ќе можат да се добијат статистички релевантни оценки, а притоа да се следи и динамиката на мониторингот.

**Предлог 18**: *На страница 18, се предлага да се избрише формулацијата „За да се изрече мерка, во периодот од 10 дена треба да има најмалку десет вакви прилози".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Во текот на јавната расправа се отвори дилемата дали со овој критериум ќе се остави простор медиумите да калкулираат со бројот на вакви прилози, како и дека треба да им се остави простор да се прилагодат на правилата. За таа цел овој критериум се менува и гласи: Мерка ќе се изрече доколку: Во првите три десетдневни извештајни периоди има по најмалку десет вакви прилози; во наредните десетдневни извештајни периоди има по најмалку пет вакви прилози.

**Предлог 19**: *На страница 18, во последниот пасус се предлага да се дополни формулацијата „...и обратно, владините проекти ги промовираат партиски функционери, итн.".*

**Мислење по предлогот**: Делумно се прифаќа. Во текот на јавната расправа се појави потреба да се дадат и дополнителни појаснувања и примери. За таа цел во претпоследниот пасус на страница 19 од Предлог-методологијата се направени измени кои ја вклучуваат и оваа формулација.

**Предлог 20**: *На страница 21, во последниот пасус се предлага да се дополни формулацијата „...и притоа да бидат политички непристрасни".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Општото барање Јавниот сервис да се придржува кон професионалните правила ја подразбира и политичката непристрасност, како што е определено во член 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Предлог 21**: *На страница 23, се предлага формулацијата „во периодот од распишувањето на изборите" да се замени со формулацијата „100 дена пред денот на одржување на изборите ".*

**Мислење по предлогот**: Се прифаќа. Ова претставува уточнување на периодот согласно измените на Изборниот законик од јули 2016 година.

**Предлог 22**: *Се предлага во делот на Квалитативните аспекти на избалансираноста да се дополнат дефиниции и да се дадат примери".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Појаснувања на поимите се дадени, но дефиниции на техниките на истражување би го оптоварувале текстот. Примерите кои се дадени во методологијата претставуваат обопштена формулација во која се синтетизирани најбитните карактеристики на одреден тип прилози или проблематични појави со кои мониторингот се соочил во изминатите 18 години. Оттаму, не се дадени поединечни примери.

**Предлог 23**: *Се предлага листата со радио и ТВ сервиси да биде составен дел од методологијата, со јасно означување кои медиуми во кој период од изборниот процес се мониторираат.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Сите радио и ТВ сервиси се наведени во регистрите што ги води Агенцијата и кои се достапни на нејзината веб страница. Примерокот за периодите пред почетокот на изборната кампања е наведен во методологијата, а листата со радиодифузерите кои ќе бидат предмет на мониторинг во текот на кампањата, поради должината, е прилог кон методологијата.

**Предлог 24:** *Се повторува првиот предлог, во врска со мониторингот на електронските медиуми (интернет порталите).*

**Мислење по предлогот:** Не се прифаќа. Образложението е дадено кај првиот предлог.

III. Предлог за измени и дополнувања на нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година (како што стои во насловот), донесен на 28-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 17.08.2016 година од г. **Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата** (наш бр. 03-4122/1 од 24 август 2016г.).

***Предлозите се повлечени на 29-та седница на Советот на Агенцијата од страна на предлагачот.***

IV. Предлог-измени на методологијата за изборно медиумско претставување од г. **Цветин Чилиманов, член на Привремената комисија** (наш бр.03-4130/1 од 24 август 2016г.);

**Предлози од 1 до 5:** *Се предлага во методологијата, во заглавијата Цели на мониторингот, Периоди, Начин на реализација, Квалитативни аспекти на избалансираноста и Други квалитативни аспекти на известувањето, да се предвиди улогата на Привремената комисија за следење на медиумското претставување.*

**Мислење по предлозите:** Не се прифаќа. Мониторингот на изборното медиумско претставување е обврска на Агенцијата согласно член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06; 136/08; 148/08; 155/08; 163/08; 44/11; 51/11; 142/12; 31/13; 34/13; 14/14; 30/14; 196/15; 35/16; 97/16; 99/16, 136/16 и 142/16). Во член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) пак е пропишано дека програмскиот надзор „го вршат вработени од организационата единица која за таа цел е формирана во стручната служба на Агенцијата".

Распоредот на обврските и одговорностите, улогата што вработените ја имаат во мониторингот, содржината на извештаите, текот на документите и другите аспекти од спроведувањето на надзорот се регулирани со Процедура за квалитет - Надзор (мониторинг) врз програмите на радиодифузерите (ISO 9001:2008) бр.01-3296/1 од 7 мај 2015г.

Согласно измените на Изборниот законик од јули 2016, Привремената комисија врши мониторинг на спроведување на одредбите од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 75-ѓ, 76, 76-а, 76-б, 76-в, 76-г и 77 од овој законик (член 196-г), меѓутоа извештаите за следење на изборното медиумско претставување ги добива од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 196-е).

Имајќи предвид дека ИСО процедурата не ја опфаќа Привремената комисија, ќе се изработи посебен документ во кој ќе се утврди позицијата на Привремената комисија, начинот на комуницирање со Стручната служба, динамиката и содржината на извештаите и другите аспекти од реализирањето на мониторингот на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година.

**Предлог 6**: *Се предлага во член 75-а од Изборниот законик да се вметнат нов трет и четврти став и тоа:*

*3) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид и односот на учесниците во изборната кампања кон радиодифузерите. Доколку радиодифузерите укажат на однос од страна на учесниците во изборната кампања кон радиодифузерите кои ги оневозможуваат во избалансирано покривање на изборите, Привремената комисија за следење на медиумското претставување е должна тоа да го земе предвид при изготвувањето на своите мислења. Примери за ваков однос преставуваат систематско одбивање да се даде изјава или обезбеди соговорник од учесникот во изборната кампања за одреден радиодифузер, јавни вербални напади кон радиодифузерот, организирање протести против радиодифузерот и слично.*

*4) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид и општата достапноста на плурални гласови и погледи во јавноста, а не само во рамките на еден радиодифузер.*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Измени во Изборниот законик не се во надлежност на Агенцијата туку на Собранието на Република Македонија.

**Предлог 7**: *Се предлага во методологијата, заглавието Соработници, да се дополни со следниов текст: „да не се членови на политичка партија, отворени соработници и поддржувачи на политичка партија, или личности кои од други причини не се во состојба да спроведат објективен и правичен мониторинг на работата на радиодифузерите".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Формулацијата е премногу широка и би можела арбитрарно да се применува.

*Предлог 8: На страница 12, се предлага во рамката во делот А. Периоди пред и од распишувањето на изборите да се избрише формулацијата „домашни настани поврзани со природни непогоди (да се избрише).*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Меѓутоа како резултат на потребата да се појаснат одредени прашања кои се проблематизираа во текот на јавната расправа - овој дел од методологијата претрпе друг вид измени, наведени во Предлог–методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори кои ќе се одржат во 2016 година.

*Предлог 9: Во заглавието Известување за активностите на претставниците на власта, во делот каде се пренесува одредбата од член 75-б, се предлага да се додаде формулацијата „судовите и обвинителствата".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Образложението е исто како кај предлогот бр. 6.

V. <u>Предлози и забелешки за Нацрт – методологијата за избори во декември 2016 година од г. Иван **Мирчевски, управител на ТРД Канал 5 Телевизија** (наш бр.03-4131/1 од 24 август 2016г.).</u>

**Предлози 1 и 2**: *Се предлага со мониторингот да се опфатат и електронските медиуми (интернет порталите), при што се бара да се состави список врз основа на:*

*„- Динамиката на објава на вести, односно да не се земаат во предвид оние кои немаат сериозна динамика на објава на вести*

*- Да не се земаат во предвид web страниците на Телевизиите пошто тие ионака ќе бидат мониторирани*

*- Да се земаат во предвид web страниците кои работат под закрило на странски медиуми, а се уредуваат делумно од Скопје како што се: Дојче Веле, Радио Слободна Европа и сл.*

*- Да се земат во предвид сите оние портали кои имаат комерцијални банери, односно остваруваат приход, задолжително да бидат мониторирани.*

*Списокот да биде активен и да се ажурира на секои 10 дена почнувајќи од 100те дена пред избори. Да се остави можност за ажурирање и по претставка"*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Образложението е дадено кај предлог бр. 1 од г. Љубомир Костовски.

*Предлог 3: Се предлага во методологијата, во заглавието Соработници реченицата „да не се членови на политичка партија" да се замени со „да не се членови на политичка партија или некое Здружение на граѓани или Аналитичари".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Образложението е дадено кај предлог бр. 7 од г. Цветин Чилиманов.

*Предлог 4: Се предлага во методологијата, во заглавието Начин на реализација реченицата: „Внесените податоци ќе се проверуваат, по што од резултатите ќе се извлечат заклучоци што ќе се објават во извештај за медиумското покривање на изборната кампања" да се замени со: „Внесените податоци ќе се проверуваат, по што резултатите ќе бидат доставени до Привремената комисијата за следење на медиумското претставување, која ќе направи анализа и ќе извлече заклучоци кои ќе се објават во извештаите за медиумското покривање на изборната кампања".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Образложението е дадено кај предлозите од 1 до 5 од г. Цветин Чилиманов.

*Предлози од 5 до 8: Се предлага во методологијата, во заглавијата Метод, Облици на изборно медиумско претставување, Квалитативни аспекти на избалансираноста и Други квалитативни аспекти на известувањето да се избрише какво било реферирање на квалитативна анализа и се бара „АВМУ и Привремената комисијата за следење на медиумското претставување да го допрецизираат овој дел, базиран исклучиво врз примери и пракса од европското законодавство, а не од странски приватни здруженија финансирани од приватни фондови, како што е Артикл 19".*

**Мислење по предлозите**: Не се прифаќа. Членот 75-а став 1 од Изборниот законик утврдува дека радиодифузерите „што одлучиле да ги покриваат изборите се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма". Правичноста и непристрасноста се квалитативни категории, а самиот баланс има квалитативен аспект бидејќи не е важно само колку време е издвоено за некој субјект, туку и што е кажано за него, со каков тон, во каква рамка и контекст со каква тонска и визуелна илустрација на прилогот, со тоа дали различните субјекти се рамномерно застапени со директни обраќања (цитати) или публиката нечии изјави може да чуе и види, а нечии ги дознава само прекажано итн. Квалитативниот аспект на анализата што се спроведува при мониторинзите на изборното медиумско претставување е директно преземен од страница 28 на Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите изработени во 2009 година од страна на Канцеларијата за демократски

институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Директоратот за човекови права и Комисијата за демократија преку правото (Венецијанска комисија) на Советот на Европа и Европската комисија[2], а составен дел од мониторингот на Агенцијата е веќе десетина години, што е видливо и од извештаите на Агенцијата, достапни на нејзината веб страница.

*Предлог 9: Се предлага во методологијата, во заглавието Известување за анкетите на јавното мислење да се избрише формулацијата „особено кога анкетите се нерепрезентативни (спроведени на Интернет или преку телевоутинг) или кога се спроведени од организации кои се пристрасни ".*

**Мислење по предлогот**: Не се прифаќа. Анкетите на јавно мислење спроведени на Интернет или преку телевоутинг се нерепрезентативни од аспект на примерокот врз кој се вршат, а анкети прават не само независни истражувачки организации или институти туку и политички партии, радиодифузери и институции и организации кои не се истражувачки организации/институти.

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***

[2] Guidelines on Media Analysis During Election Observation Missions (2009) by the OSCE Office for Democratic Institutions and Human Rights (OSCE/ODIHR) and the Venice Commission, стр. 28, достапно на: https://www.google.com/url?sa=t&rct=j&q=&esrc=s&source=web&cd=3&ved=0ahUKEwjryqamvtHJAhVEBSwKHe4kAHcQFggsMAI&url=http%3A%2F%2Fapt.sze.hu%2Fdownloadmanager%2Fdownload%2Fnohtml%2F1%2Fid%2F18970%2Fm%2F1631&usg=AFQjCNFjaEVu0IQJ1wO1WIrE0jEM6tiyxg&cad=rja